Младите европски федералисти избраа да слушнат кои се постигнувањата на МЦМС на полето на толеранцијата што беше дел од меѓународниот семинар „ Толерантна Европа – дефинирање на пречките
“. Презентацијата ја направи првиот извршен директор на МЦМС, Александар Кржаловски, на 9 април 2014 г. пред дваесетина учесници од Финска, Шведска, Украина, Грција, Германија и други европски земји.



Беше опфатено 20-годишното искуство на МЦМС посветено на културната разноличност и дијалогот. Учесниците беа најзаинтересирани за споровите на Македонија со соседите и начинот на справување со нив. Најмногу се дебатираше за спорот за името со Грција. Еден од учесниците, студент од Грција (чиј професор бил и член на тимот што ја застапуваше Грција во Судот во Хаг) изрази скептицизам за брзо решавање на спорот. Според него, бескомпромисната реторика во однос на Република Македонија се уште носи многу гласови на изборите. Студентите се интересираа и за признавањето на автокефалноста на МПЦ и за меѓуетничките односи во Македонија.